# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ВО 2021 ГОДИНА

ЕСЕ

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1

**Вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџети и услуги во областите на социјални и економски права**

# ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- Ги зајакнавме капацитетите на 22 претставници од шест ромски граѓански организации за работа на полето на унапредување на менталното здравје на Ромите преку не-медицински пристап
- Ја воспоставивме Регионалната мрежа за практичари кои работат на полето на социјална отчетност и вклучување на заедниците за Европа (COPASAH)
- Подготвивме четири локални планови за зајакнување на закрепнувањето и навремена реакција на ромската заедница во кризни состојби, преку зајакнување на капацитетите и вклучување на ромската заедница и релевантните институции на локално ниво

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

- Ги утврдивме последиците од недоследното спроведување на Програмата за скрининг на рак на грлото на матката, врз здравјето, квалитетот на животот и смртноста кај жените, како и по однос на финансиските трошоци на жените и државата. Дадовме препораки за унапредување на опфатот на жените со скрининг и ги објавивме во публикацијата „Која е цената на тоа што немаме организиран скрининг на рак на грлото на матката?“
- Учествувавме во националниот процес на подготовка на ***Акцискиот документ - EU for Improved health and social protection and gender equality,*** преку учеството на ЕСЕ во работата на ИПА III Секторската работна група здравство
- Спроведовме меѓународно застапување за унапредување на здравјето на мајките и децата преку учество на 88-та пред сесија на Комитетот за правата на детето при ОН

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

- Ги утврдивме бариерите со кои се соочуваат ромските заедници во пристапот до здравствената заштита за репродуктивното здравје на жените и здравјето на мајките и децата и дадовме предлози за унапредување на состојбите кои ги објавиме во публикацијата „Какви се состојбите во однос на репродуктивното здравје и здравјето на мајките и децата од ромските заедници“.
- Спроведовме процес на застапување со цел унапредување на опфатот на ромското население со вакцинација против Ковид-19

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

- Развивме и промовиравме едно информативно видео во кое се опишува пристапот до мерките и услугите за вработување на граѓаните на национално и локално ниво (во соработка со ГИЖ Св. Николе и Женски Форум Тетово)

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

**Обезбедување на еднаков пристап до правда**

# РАБОТЕВМЕ НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПРАКТИЧАРИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ

Подготвивме е-модули за обука за јакнење на капацитетите на параправниците за решавање на секојдневни правни проблеми на различни ранливи групи на граѓани.

Подготвивме посебен модул за обука за јакнење на капацитетите на практичарите од институциите и судството за примена на меѓународната и националната правна рамка за заштита на жените што претрпеле родово засновано насилство.

Обучивме 17 млади правници/чки за јакнење на нивните знаења и вештини за мониторирање, анализирање и решавање на правните проблеми на жените што претрпеле семејно насилство

# ОБЕЗБЕДИВМЕ ДОКАЗИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ СО ЦЕЛ ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Подготвивме Извештај со препораки за унапредување на имплементацијата на Одржливата развојна цел 16.3. Пристап до правда.

Подготвивме анализа за користењето на правото на ослободување од плаќање на судските трошоци и правото на бесплатна правна помош врз основа на искуството на 44 жени што воделе граѓански постапки за решавање на правните проблеми кои произлегуваат од семејното насилство.

Подготвивме анализа за користењето на правото на издршка за децата врз основа на искуството на 17 жени што воделе судска постапка од ваков вид.

Подготвивме проценка на постапувањето на полиција во случаите на семејно насилство врз основа на практиката на 48 полициски службеници и искуството на 12 жени што претрпеле семејно насилство.

# ОБЕЗБЕДИВМЕ ДИРЕКТНА ПОДДРШКА ЗА ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Обезбедивме бесплатна правна помош за 184 лица што се обратиле во Центарот за правна помош, како и судско застапување за 9 жени што претрпеле семејно насилство. На 45 жени им е обезбедено и психолошко советување. Подготвени се 186 писмени поднесоци, како што се тужби, жалби, барања, ургенции и друго.

Ја надградивме платформата pobarajsovet.mk со можност за доставување на писмени поднесоци потребни за решавање на правните проблеми на жените, како и достапност на содржините на Ромски и Албански јазик.

Подготвивме сумарна четири годишна анализа за трошоците и придобивките од обезбедување на БПП за жените што претрпеле семејно насилство.

Подготвивме документарни видеа со практичари со информации за граѓанската и кривичната постапка за заштита од семејно насилство.

# РАБОТЕВМЕ НА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ФОРМАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ПРАВДА ЗА ГРАЃАНИТЕ

Учествувавме во подготовката на стратегија и програма за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како и во почетната обука за членовите на ова тело

Стратешки приоритет 3:

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

**01** подготвивме повеќе од **424** информации, прегледани во **452.363** наврати

**02** одбележан е **Светскиот ден за пристап до информации**, 28 септември

## ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

**03** реактивна и проактивна транспарентност на **95 јавни институции** и толку **предлози за унапредување на нивото на** проактивна и реактивна **транспарентност**

**04** **3.130 постапки за јавни набавки**, спроведени од 62 јавни здравствени институции **и доставени се 63 предлози за унапредување на економичноста, ефикасноста и транспарентноста на јавните набавки до 63 ЈИ**

## ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**05** **координирани се 15 средби** за развивање на заложби за “унапредување на пристапот до јавни услуги” **со повеќе од 62 лица**

**06** **Развивме:**

- **индикатори** за следење на напредокот на акцискиот план за ОВП;
- **јавен повик за пријавување на учество во процесот на ко-креирање** со образец за пријавување;
- **насоки за работа на работните групи и поставување** на приоритетни област;
- **деловник за начинот на работа на Советот** за координација;
- **деловник за работа на Мрежата на ГО**;
- **упатството за начинот на формирање и работа на Советот**;
- **постапка за избор на членови од ГОи** во Советот.

**07**

- **спроведовме работилница за дискутирање на иницијативи за граѓанско учество** предвидени во новиот петти по ред акциски план за ОВП
- **организиравме Е-работилница** „Управување темелено на интересите и потребите на граѓаните“

- **организиравме министерска средба за ОВП** во рамки на редовната седница на Владата на РСМ;
- помогнавме во **приклучување на општина Св. Николе** во ОВП;
- учествувавме **на повеќе од 10 средби** за споделување на искуства и вмрежување организирани од Секретаријатот на ОВП и нивните партнери